# Дневна хемеротека за *08.01.2016г.*

## МИА - *Министерот Изаири ја посети општина Врапчиште*

ПЕТОК, 08 ЈАНУАРИ 2016, 10:23:34

МИА
МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

НАСЛОВНА | МАКЕДОНИЈА | СВЕТ | ЕКОНОМИЈА | КУЛТУРА | СПОРТ | ИНФО СЕР

Насловна | Екологија | Министерот Изаири ја посети општина Врапчиште

### Министерот Изаири ја посети општина Врапчиште

Препорачај 0

среда, 06 јануари 2016 15:52



**Скопје, 6 јануари 2016 (МИА)** - Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири денеска ја посети општина Врапчиште и имаше средба со градоначалникот Бајрам Кадрија на која разговараа за соработка меѓу општината и министерството во реализацијата на тековните и идните проекти.

- Министерството за животна средина и просторно планирање ќе обезбеди средства за инфраструктурни објекти на седум локации во општината, со што ќе биде решен проблемот со вода за пиење во сите населени места во општината, вклучувајќи го и селото Неготино. Исто така, министерот Изаири напомена и дека наскоро ќе биде решен проблемот со отпадот, со кој со години се соочува оваа општина, информира Министерстото за животна средина и просторно планирање. **хс/ 15:47**

## Алсат-М - [Проблемот со отпадот во општина Врапчиште нема да се реши наскоро]

ALSAT M

# Проблемот со отпадот во општина Врапчиште нема да се реши наскоро

19:35, 06 јануари

Сподели ја веста:



За дислокација на дивата депонија во атарот на село Врапчиште ќе се чека уште некое време. Министерот за животна средина по денешната средба со градоначалникот на општина Врапчиште, Бајрам Кадриа, рече дека приоритет е решавањето на дивата депонија во Русино, а градоначалникот на Врапчиште, Бајрам Кадриа за отпадот кој се фрла ги обвини граѓаните.

“Предвидуваме средства за дислокација на дивите депонии, но тоа е широк специфичен простор во Полошкиот регион кој често пати граѓаните го злоупотребуваат...“, рече Бајрам Кадриа, градоначалник на општина Врапчиште.

За овој проблем не беше понудено решение ниту од министерот за животна средина. “Разговаравме за третманот на отпадоците и бевме информирани за ангажманот на општината и нашите посотојаи заложби за решавање на овие проблеми“, изјави Нурхан Изаири, министер за животна средина.

Инаку, во атарот на општина Врапчиште дупките кои беа отворени при вадењето песок се полнат со отпадоци со што не само што се загадува плодното земјиште, туку и подземните води.

## Tetova Sot - Ministri Izairi vizitoi komunën e Vrapçishtit

TETOVA sot
shpejt dhe ndryshe

# Ministri Izairi vizitoi komunën e Vrapçishtit



06/01/2016

Ministri i Ambientit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Nurhan Izairi sot qëndroi në një vizitë pune në komunën e Vrapçishtit, ku u takua me kryetarin e komunës Bajram Kadrija, me ç'rast diskutuan për të gjitha mundësitë e bashkëpunimit dhe vazhdimit më tej të projekteve që janë në proces si dhe startimin e projekteve të reja kapitale në këtë fillimvit.

Ministria e Ambientit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor do të sigurojë mjete për të realizuar rrjetin e kanalizimit në shtatë lokacione të komunës, zgjidhjen e problemit me ujit të pijshëm në të gjitha vendbanimet, përfshirë këtu edhe fshatin Negotinë, gjithashtu ministri Izairi vuri theks të veçantë edhe tek menaxhimi me mbeturina si një ndër problemet që me vite tangon këtë Komunë dhe së shpejti do të ketë zgjidhje.

## TVART - VRAPÇISHT: PROJEKTE NË INFRASTRUKTURË

# VRAPÇISHT: PROJEKTE NË INFRASTRUKTURË




**Në komunën e Vrapçishtit do të fillojnë së shpejti punimet për realizimin e projekteve rreth kanalizimeve dhe stacionit të filtrimit të ujit të pijshëm. Projekti i ujit për pije kap vlerën 14 milionë denarë.**

Çështja e stacionit të filtrimit të ujërave të pijshëm, vendosja e rrjeteve të kanalizimit dhe menaxhimi me mbeturinat ishin projekte me prioritet që u diskutuan sot gjatë takimit të kryetarit të Komunës se Vrapçishtit me ministrin e Mjedisitit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Nurhan Izairi.

I pyetur nga Tv Art rreth çështjes së deponisë në fashtin Negotinë, Ministri Izairi u shpreh se dikasteri që ai drejton është duke krijuar një plan për menaxhimin me mbeturina, që kjo çështje të marrë fund.

Ministri Izairi duke folur për parandalimin e ndotjes tha se sa i përket projektit të gasifikimit së shpejti do të hapet një ankand për rajonin e Pollogut respektivishtë për Tetovën e Gostivarin. Në financimin e këtij projekti krahas pushtetit lokal do të marrë pjesë edhe ai qendrorë./Xh.I./

## Lider – [Министерот Изаири во посета на општина Желино]

ЕКОНОМСКИ LIDER

# Министерот Изаири во посета на општина Желино

Ми се допаѓа 0 Share



Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири ќе ја посети општина Желино при што ќе оствари состанок со градоначалникот Фатмир Изаири.

Посетата е во рамки на активностите за продлабочување на соработката со локалните самоуправи во заштитата на животната средина.

**ПОВРЗАНИ**

Министерот Изаири во посета на општина Теарце

Министерот

## Утрински - *Интервју: Зелената енергија целосно ќе ги замени фосилните горива*

Утрински весник

### ИНТЕРВЈУ: ЗЕЛЕНАТА ЕНЕРГИЈА ЦЕЛОСНО ЌЕ ГИ ЗАМЕНИ ФОСИЛНИТЕ ГОРИВА



**Човечкото влијание врз климатските промени главно произлегува од две акции, согорување на фосилните горива за добивање енергија и сечата на шумите, вели Теодора Обрадовиќ-Грнчаровска, национален координатор за климатски промени**

Сања Наумовска

По Самитот за климатски промени во Париз, Македонија е дел од светското семејство кое презема големи обврски за намалување на емисиите на стакленичките гасови. Што ќе биде фокусот во поблиска, но и во подалечна иднина, за да се исполнат зацртаните цели?

Во Париз 195 држави од светот усвоија прв универзален и правно-обврзувачки договор кој треба да влезе во сила во 2020 година. Договорот го трасира патот за постигнување на глобално зацртаните цели за ограничување на зголемувањето на глобалната температура значително под 2 Целзиусови степени, земајќи го предвид фактот дека со доставените национални придонеси светот се' уште е далеку од нив.

Договорот од Париз е мостот помеѓу денешните политики и климатската неутралност до крајот на векот. Со негово спроведување би се постигнале и целите за одржлив развој, вклучително и заштитата на здравјето на луѓето.

Фокусот е ставен на неколку теми. Една е намалувањето на емисиите на стакленички гасови за која владите се договорија да се задржи порастот на глобалната средна температура значително под 2 степена споредено со прединдустрискиот период, да го ограничат порастот на 1,5 степен со што значително би се намалиле ризиците и негативните последици од климатските промени и да преземат рапидни редукции во согласност со најдобрите технологии во однос на научните постигнувања.

Исто така, тие се обврзаа на секои 5 години да поставуваат поамбициозни цели согласно со научните докази и да ја известуваат јавноста за начините како ги постигнуваат целите.

Во Париз развиените земји се обврзаа да ја зголемат способноста за справување со влијанијата од климатските промени и да обезбедат помош за земјите во развој за адаптација кон климатските промени.

Покрај обврски, за Македонија се создаваат и можности да искористи дел од меѓународните фондови и да се насочи кон зелен развој.

ЕУ и другите развиени држави ќе продолжат со поддршка на акциите за намалување на емисиите и градење на отпорноста кон влијанијата од климатските промени во земјите во развој. Другите држави се охрабруваат да го прават истото врз доброволна основа. Развиените држави ќе продолжат со остварување на својата колективна цел за мобилизација на 100 милијарди американски долари на годишно ниво до 2025 година кога ќе се постави нова колективна цел.

Дали зелената енергија може целосно да ги замени фосилните горива?

Договорот од Париз е мост помеѓу денешните политики и климатската неутралност до крајот на векот. Климатската неутралност (нула јаглеродни емисии) значи или нема согорување на фосилни горива за добивање на енергија, или и ако има, емисиите би морале да се апсорбираат од шумите и технологиите за јаглероден зафат и чување. Многу студии, вклучително и последниот извештај на Меѓувладиниот панел за климатски промени, укажуваат дека од технолошки аспект, целосното снабдување со зелена

енергија е речиси решено – остануваат предизвиците за зелени горива за авионскиот и поморскиот сообраќај, големите транспортери на стоки, како и за високотемпературните процеси во индустријата. Се разбира, останува предизвикот да се изнајде балансиран начин по сите три димензии – економска, социјална и околинска, како и со каков чекор да се одвива транзицијата.

Покрај институциите, локалните самоуправи, бизнисот, каков треба да е придонесот на секој човек за да се намалат влијанијата на климатските промени?

Човечкото влијание врз климатските промени главно произлегува од две акции, согорување на фосилните горива за добивање енергија и сечата на шумите. Мора да се започне од промените на однесувањето базирано врз правилно и точно информирање за причините и последиците од климатските промени.

Дел од анализираните мерки за намалување на емисиите на стакленички гасови во националниот поднесок за Париз се токму такви мерки – промена на однесувањето. Луѓето треба повеќе да користат велосипед, да пешачат и да се воведе политика на паркирање. Сето тоа покажува добивки од сите аспекти – економски, преку намалување на трошоци за горива и технологии, околински, преку намалување на глобалното но и локалното загадување и социјални аспекти, преку намалени здравствени ефекти и подобрување на физичкото здравје.

Дали може да се каже дека загадениот воздух е последица на климатските промени и обратно, односно колку загадувањето влијае врз климатските промени?

Процесите на согорување на фосилни горива во индустријата, моторите на возилата и зградите емитираат загадувачки супстанции. Тоа се ПМ-честичките и приземниот озон кои се главните состојки на смогот, заедно со азотните и сулфурните оксиди, испарливите органски загадувачи и јаглеродниот моноксид. Тие, како и неправилното депонирање и постапување со отпадот, земјоделските површини итн. ослободуваат и стакленички гасови.

Загадувачите како приземниот озон и саѓите придонесуваат директно за глобалното загадување, кое пак е причина за климатските промени. Метанот, кој е еден од стакленичките гасови и е со 24 пати поголем потенцијал за глобално затоплување од јаглеродниот диоксид, е главен причинител на порастот на површинскиот озон.

Климатските промени самостојно може да имаат директно влијание врз квалитетот на воздухот. Студиите за моделирање на загадувањето на воздухот покажуваат дека при повисоки температури во иднина, ќе има повисоки нивоа на површински озон во градовите на северна Америка, на пример. Може да се констатира дека локалното и регионалното со глобалното загадување одат заедно едно со друго и дека со спроведување акции кои го намалуваат локалното и регионалното загадување се придонесува и за намалување на емисиите на стакленички гасови, кои, пак, се причинители на глобалното затоплување. И обратно.

## Либертас - [Охрид СОС: Кого треба да го подмитиме за да ја оставите Галичица на мир?]

# Охрид СОС: Кого треба да го подмитиме за да ја оставите Галичица на мир?

8.01.16 10:21
Прочитано : 77

Соопштение на Охрид СОС:



Петтата по ред расправа за ревидираната Стратешка оцена на животната средина (СОЖС) која се одржа на 4. јануари 2016 г. (понеделник) во просториите на ЈУНП Галичица претставуваше директно и дрско прекршување на Архуската конвенција. Оваа Конвенција е меѓународен документ кој на граѓаните им гарантира пристап до информации, пристап до правда и нивно ефикасно и делотворно вклучување во донесувањето на одлуките во доменот на животната средина. Конвенцијата беше прекршена со времето избрано за одржување на расправата (среде празници), со јавната (не)достапност на потребните документи за нејзино одржување и со вклучувањето на јавноста „колку да се рече“. Досегашното искуство ни покажа дека волјата на јавноста никако не влијае врз текстот, напротив, текстот на стратешката оцена со секоја наредна измена сè повеќе се извитоперува во корист на штетните проекти, наместо да биде обратно – проектите да се кројат врз основа на тоа што го дозволува природата заштитена со бројни меѓународни закони и конвенции. Овој „демократски процес“ уште еднаш покажа колку носителите на одлуки во Македонија воопшто не се обѕрнуваат на мислењето на јавноста и колку не почитуваат никакви закони ниту начела кога се работи за спроведување на своите интереси. Или

да појасниме – организирање на јавна расправа за судбината на нашето единствено светски признато богатство во период на празници е исто како тајно сечење на дрвја низ целата република во два часот по полноќ.

На самата расправа не присуствуваа лица од Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) кои ќе го финансираат проектот, што значеше дека прашањата наменети за нив останаа неодговорени, а добар дел од прашањата наменети за присутните говорници, особено за консултантот од Цитрус и партнери, Светозар Петковски, беа одговорени или со кревање рамениці или одговорот значеше менување на темата и манипулирање со јавно достапни податоци. Би сакале да нагласиме и дека веќе пет месеци чекаме одговор од институциите на официјалните коментари кои ги поднесовме по претходните верзии од СОЖС презентирани на претходните јавни расправи.

Текстот на ревидираната СОЖС содржи повеќе небулози, меѓу кои и тн. методологија со off-set measures with no net loss (мерки за неутрализирање на штетните влијанија врз природата без нето загуби) или во превод, флората и фауната што ќе се уништат во границите на Паркот ќе се надоместат некаде надвор од неговите граници каде било на територијата на РМ. Во СОЖС како позитивен пример за компанија што ја има спроведувано оваа методологија е дадена Рио Тинто – корпорација озлогласена по предизвикување еколошки катастрофи, услови за работниците што се граничат со ропство и соработка со фашистички режими.

Во Паркот се препознаени 140 ендемски животински и растителни видови. Имајќи предвид дека Македонија нема никакво искуство со мерки за неутрализирање на штетни влијанија врз природата, да се очекува дека ние ќе смислиме соодветна методологија за неутрализирање штетни влијанија врз ендемски видови е како да очекуваме врба да роди грозје.

„Охрид нема стратегија за туризам, на која основа тогаш се прави проект според моделот на масовен туризам? Дали градењето на патот ќе повлече дополнителна штетна инфраструктура и ќе отвори Пандорина кутија за Националниот парк? Како е можно ЕБОР како финансиер на проектот да најмува консултантска куќа за да ја изработи СОЖС без тоа да претставува конфликт на интереси? Зошто во СОЖС не е земено предвид кумулативното влијание врз двете езера и ерозијата на земјиштето во населените места во близина на локациите предвидени за реализација на проектите?" и „Кого треба да го подмитиме за да ја оставите Галичица на мир?" беа само дел од прашањата кои јавноста ги постави за време на расправата. „Со еден ваков мегаломански проект за узурпирање, асфалтирање и бетонирање во Националниот парк, природно богатство заштитено под УНЕСКО во момент кога велосипедскиот и планинскиот туризам бележат огромен пораст во последните три години, неповратно ќе се одвратат туристите и ќе нè избришат од потенцијална дестинација за ваквите типови на туризам. Клубот би останал без финансии за основно

функционирање односно полека, но сигурно ќе замре“, изреволтирано реагираше Јован Јованоски од велосипедскиот клуб „Еко-Дром“, петкратен балкански шампион во велосипедизам со шесто место на Младинската Олимпијада во Кина.

Искуството од последните две години и нашето секојдневно присуство на Галичица покажуваат дека теренот на трасата за експресниот пат подолг период се подготвува со сечење на шумата. И самите одговорни од НП Галичица на јавната расправа потврдија дека НП се финансира од сечење на шума што доведува до заклучокот дека последните две-три години вработените во НП Галичица земаат плата од пробивање на трасата на којашто треба да се гради експресниот пат.

Со последното наше архивирање на терен на делови од трасата предвидена за експресниот пат констатиравме страшни промени во состојбата на шумата во паркот. Од приложените фотографии може да се види огромна површина со расфрлени парцели со голосек што не е својствено за национален парк. На јавната расправа институциите изјавија дека експресниот пат е во напредна фаза од реализација иако самата документација за негово легално градење е нецелосна.

Потсетуваме, од Охрид до Св. Стефан веќе постои автопат, така што која е логиката тука да се гради нова делница со пониска категорија? Експресниот пат е долг 25 километри со само два вештачки премина за животинскиот свет кој за единствен извор на вода го има езерото и само три премина за локалното население и туристите-вљубеници во планината што ќе значи ограничување и отежнување на нивните секојдневни животни потреби и активности бидејќи ќе биде дозволено движење исклучиво на моторни возила, а ќе биде забрането движење на пешаци, велосипеди и земјоделска механизација. Експресниот пат никако нема да значи растоварување на сообраќајот бидејќи ваквата категорија на пат не дозволува поврзување со локалните патишта до населените места, ниту, пак, ќе придонесе за развој на туризмот, токму од истата причина. Овој пат со еден замав ќе ги поништи долгогодишните напори на туристичките кластери и тур-операторите за in-coming (дојдовен) туризам да ги развиваат и промовираат активниот и авантуристичкиот туризам во овој регион кои веќе години наназад се главен мотив на странските туристи да се враќаат во Охрид. Освен тоа, активниот туризам кој е заснован врз културното и природното богатство и традиционалната гостопримливост, придонесува кон зачувување на природата бидејќи е одржлив, а истовремено го става Охрид на мапата на градови со паметен развој. Многу важно е што Охрид во мај 2016 година е одбран од сите градови во светот да биде домаќин на првиот европски Самит за авантуристички туризам.

Деструктивниот проект предложен и наложен на НП Галичица од страна на владата на РМ подразбира, меѓу другото, и ски-комплекс на потегот од Пештани до Бугарска Чука. Проектот за ски-комплексот со вкупна должина од 14 км и 8 стази од по неколку стотини метри изгледа

банално во споредба со скијачките центри низ републикава. За да се изведе скијалиштето потребно е огромна количина вештачки снег, за кој нема лоцирано извор на вода. За задржување на тој вештачки снег потребни се температури од -5 до -2 степени кои на Галичица ги има само неколку дена во годината. Парадоксалниот ски-комплекс е една апсурдна идеја бидејќи тлото на планината е такво што ја впива водата и од таа причина на Галичица нема снег.

Јавноста е едногласна во изјавата дека надлежните и носителите на одлуките во Националниот парк ја злоупотребуваат својата функција и работат неодговорно и непрофесионално во спротивност со законот за основање на Националниот парк Галичица. Самиот закон наложува: создавање услови за развој на туризмот во согласност со принципот на одржлив развој; одржливо користење на природното богатство во интерес на сегашниот и идниот развој, без оштетување на деловите на природата и со што помали нарушувања на природната рамнотежа; поттикнување на научно-истражувачката работа во областа на заштитата на природата во Националниот парк; спречување на штетни активности од физички и правни лица и други нарушувања во Националниот парк, односно обезбедување максимално поволни услови за заштита и развој на природата. Уште пострашно од сево ова е позитивното мислење на Министерството за животна средина и просторно планирање во кое се вели дека немаат никакви забелешки на текстот на СОЖС и потполно се согласуваат со сè што стои таму. Дописот од Министерството го има на следнава врска.

Горенаведените изјави се сумирани од граѓанската иницијатива Охрид SOS, туристичкиот кластер ЕДЕН, месната заедница Лагадин, велосипедскиот клуб Еко-Дром, здружението за заштита на животните и животната средина „ЕДЕН“, алпинистичкиот клуб „Патагонија“ и велосипедскиот клуб „3ш Точак“. Нагласуваме дека ќе ги искористиме сите расположливи средства за да го запреме ова лудило што се заканува долгорочно, систематски и неповратно да го уништи единственото светски признато богатство што сме имале среќа да се најде на оваа леда земја наречена Македонија.

Да се каже дека се нема избор е само мизерен изговор – избор секогаш има, единствениот проблем е што да се застане на страната на правдата не е секогаш лесен избор.

Со почит,

Граѓанска иницијатива Охрид SOS

Граѓанска иницијатива Охрид SOS
Туристички кластер „ЕДЕН“
Месна заедница Лагадин
Велосипедски клуб „Еко-Дром“
Здружение за заштита на животните и животната средина „ЕДЕН“
Алпинистички клуб „Патагонија“
Велосипедски клуб „3ш Точак“
Центар за истражување и информирање за животната средина “Еко-свест”